## ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ

**Реконструкција на  мрежата и изградба на нов цевковод на левиот брег на градот**

Со реконструкција на мрежата и изградба на нов цевковод, општина Крива Паланка го решава водоснабдувањето на жителите од левиот брег на градот, кои досега се соочуваа со проблем со вода за пиење поради недоволниот капацитет на постојниот водовод. За отстранување на тесното грло, потребна е инвестиција од околу 26 милиони денари. Дел од парите веќе се обезбедени од Министерството за транспорт и врски и од локалната самоуправа, која ги почна активностите за изградба на потребните објекти.  Од средствата на Министерството за транспорт и врски во висина од 2.000.000 денари е изграден резервоар со големина од 150 м3.




Ќе биде изграден нов цевковод во должина од два километра и два резервоара, со што ќе се обезбеди квалитетно и редовно водоснабдување за околу 2.000 домаќинства од левиот брег на градот, кои често останува без вода поради неприспособената мрежа на бројот на потрошувачите и зголемената потрошувачка во пониските реони. Најкритични се населбите Илинден, Скрљава, Цонев Рид, Единство, Дреначка маала и други, кои од идната година, кога треба да биде завршен проектот, редовно ќе имаат вода за пиење.

**Санација на свлечиштето во населбата Илинден**

Од обилните врнежи од дожд и снег во почетокот на 2009 година во населбата „Илинден"се појави движење на земјата односно „свлечиште".  Од појавеното свлечиште претстои опасност од уривање на повеќе семејни станбени згради како и на дел од улицата.
По извршениот избор на изведувач на работите и по   разрешување на имотно правните работи ќе се отпочне со изградба на објектот, а средства за изградба се обезбедени од Владата на Република Македонија. Предвидено е реализацијата на проектот да заврши до 01.08.2010 година.

**Регулација на Скрљавски Дол**

Преку Републичкиот фонд за води обезбедени се средства во висина од 2.000.000 денари за изградба на регулација на Скрљавски Дол. Проектот е во завршна фаза на реализација и се очекува да биде реализиран до 01.05.2010 година.




**<u>Доопремување на ТППЕ со нова опрема и едукација на пожарникарите</u>**

Проектот е реализиран во соработка со Операција ФЛОРИАН, за што е склучен Меморандум за соработка. Опфатени се донирање на навално возило кое ќе биде целосно опремено со противпожарна опрема за потребите на ТППЕ Крива Планка и истото ќе пристигне во месец мај 2010 година.

Проектот опфаќа и двонеделна обука на вработените со донираната опрема, регионален противпожарен курс, едукација за безбедност во заедницата и планирање за менаџирање со ризикот, специјалистички тренинг за спасување во сообраќајни несреќи , како и понатаможно донирање на противпожарна опрема во зависност од утврдените потреби на ТППЕ Крива Паланка.

**<u>Унапредување на музејската дејност</u>**

Министерството за култура на РМ во Програмата од национален интерес за 2010 година на Градскиот Музеј – Крива Паланка (чиј основач е Општина Крива Паланка) му додели средства за реализиција на три проекти и тоа **Прва историска поставка, Прва староградска етно поставка и Староградската архитектура – некогаш и денес.** Проектите се однесуваат на реализација на првата постојана фотодокументарна поставка за историјата и развојот на градот Крива Паланка, како и на развојот на градската архитектура и старото градско јадро, а дел од средствата е наменет за откуп на предмети и материјали од стариот градски живот.

**<u>Бесплатни курсеви по информатика</u>**

Општина Крива Паланка во соработка со Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука организира бесплатни курсеви за возрасни од областа на информатика. Курсот вклучува: Работа со компјутери, Windows, Мултимедија и Интернет.

**<u>Реконструкција на основни училишта во Општина Крива Паланка</u>**

Проектот е аплициран за програмата ИПА- 2007 Проект за развој на локална инфраструктура, за кој се одобрени средства во висина од 535.774 евра и истиот опфаќа:
Во ОУ Јоаким Крчовски (Партизан) се менува кровната конструкција, прозори, врати и се воведува парно греење во училниците и фискултурната сала
Во ОУ Јоаки Крчовски замена на кровната конструкција, замена на врати и прозори.
Во ОУ Илинден термичка изолација, кровна конструкција, замена на врати и прозори.
Во ОУ Илинден во с. Конопница во стариот дел од училиштето се менува кровната конструкција, подот и електирчната инсталација.

**Изградба на локален пат Манастир Св. Јоаким Осоговски – с. Бс**

Општина Крива Паланка аплицираше за изградба на локален пат во должина од 1 км кој ќе се гради со средства обезбедени од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2009 година од АФПЗРР (Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој). Патот е продолжување на асфалтот кон ловечката куќа према Калин Камен, а треба да биде завршен до 15.05.2010 г.

**Изработка на техничка документација за пренамена на стар простор во Дом за стари лица во с.Дубровница**

Проектот опфаќа изработка на техничка документација за пренамена на стар простор во Дом за стари лица во с.Дубровница со вкупна површина од 600 м2. Сместувачкиот стационаре дел треба да овозможи сместување на 40 подвижни и 40 тешкоподвижни лица. Предвидено е реализацијата да заврши до 01.06.2010 година.

**Изработка на техничка документација за реконструкција и преадаптација на задружниот дом во с.Жидилово**

Проектот опфќа изработка на техничка документација за реконструкција и преадаптација на задружниот дом во повеќенаменски Центар на локалната заедница во с.Жидилово. Во состав на објектот треба да се овозможи отворен простор –фоаје, предвиден за изложби и различни културни настани, инфо ценатр, архива и простор за прием на граѓани. Предвидено е реализацијата да заврши до 01.07.2010 година.

**Техничка документација за патни правци**

- Техничка документација за патен правец од с. Дренак до Каврак (Кратово) во должина од 6 км; и
- Техничка документација за патен правец од м.в. Градечко Брдо во с. Градец до м.в. Габарско ливаѓе с. Габар, во должина од 5 км.

Предвидено е реализацијата да заврши до 01.07.2010 година.

**Планови и програми за управување со цврс отпад во Североисточниот плански регион и јакнење на капацитетите на ЕЛС за управување со отпад**

**Обука „Чекор поблиску до Европската Унија "**

Со цел да се зголеми знаењето на претставниците од локалната заедница за механизмите и програмите за финансирање на ЕУ како и дирекно поттикнување на идеи и иницијативи за подготовка на проекти за прекугранична соработка започна организиранање на обуки „Чекор поблиску до Европска унија".Семинарот кој го спроведува Фонцадијата Институт отворено опшество – Македонија во соработка со Македонскиот центар за европско образование ќе се реализира во два дела. Темите на обуката се Можности што ги нудат Инструментот за претпристапна помош и Програмите на заедницата за финансирање на локалната самоуправа.

**Нова веб страна на општината**

Во тек е изработка на нова веб страна на општината која ќе им понуди на граѓаните брз пристап до информациите поврзани со работата на локалната самоуправа. Исто така страната ќе ја вклучи и веб апликацијата **Е-Општина – Пријави проблем.** Апликацијата е модерна алатка која ќе им овозможи на граѓаните и бизнисите да ја известат општината за различните проблеми поврзани со обезбедувањето на општинските услуги кои се однесуваат на комунални работи. Системот овозможува во секое време од денот, седум дена во неделата, преку

интернет порталот на општината, граѓанинот да може да пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат во најкраток можен рок. За возврат, општината ќе може да постигне значителни резултати во подобрувањето на ефикасноста на своите услуги и така значително да го зголеми задоволството на граѓаните.

Проектот се работи со подршка на **УСАИД Проектот за локална самоуправа на Македонија.**

## <u>Изградба на тениско игралиште</u>

Во тек е изградба на тениско игралиште со површина од 648 м2 на локација во близина на градското фудбалско игралиште. Проектот се реализира со финансиски средства обезбедени од Агенцијата за млади и спорт и Општина Крива Паланка.